Бр./Nr 12-929/3
05-11-2021
r./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 54-тата седница одржано на 02.11.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-929/1 од 26.02.2021 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-929/1 од 26.02.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 26.02.2021, поднесена е пријава и оформен е предмет број 12-929/1 од 26.02.2021 година.

Доставената пријава е всушност приговор против налог за извршување од 08.02.2021 година, во кој подносителот наведува дека постои злосторничко здружување помеѓу извршители од --------------- и од ------------- со Претседателот на Основниот суд во --------------------- и дека претседателот му го загрозил животот барајќи пари за штета. Потоа посочува дека како доказ има потврда за одземени документи во 1999 година за инвалидска пензија на 20 луѓе. Во продолжение се наведува дека подносителот нема парични средства за комунални трошоци, лекови и дрва, нема никакви приходи, дека банкарската сметка му е блокирана уште од 1999 година, а претседателот на судот намерно му носел нереални пресуди. Подносителот, исто така наведува дека до Основниот суд ----------------------- доставил приговор по налози за извршување во рок од три дена, но посочува неколку извршители, адвокати, судии, полицајци и градоначалници кои 30 години го држеле во заложништво. Во прилог на пријавата, помеѓу останатото, доставено е и Решение на Основен суд ------------ од 22.02.2021 година со кое приговорот на подносителот на оваа пријава против налог за извршување од 08.02.2021 година се отфрла како ненавремен од причина што предметниот налог за извршување должникот го примил на 09.02.2021 година, а приговорот е поднесен на 17.02.2021 година, односно по истекот на законскиот рок од 3 дена.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата не се содржани конкретни наводи или незаконитости кои упатуваат на злоупотреба на

службената положба или овластување од страна на службени лица, односно во истата се изразува незадоволство од судска одлука по приговор против налог за извршување врз основа на долгови на подносителот, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**